ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 14.01.2013 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот Татјана Ѓоргиевска Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски , Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Александар Ангелов, Директор на ЈП Комуналец Томе Тодоровски, Советник Игор Додевски

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:

Да се закаже координација за 21.1.2013 година и седница на Советот на Општина Крива Паланка 28.01.2013 година

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Да се води постапката за согласност за Деталниот урбанистички план и урбанистичкиот план за локалитет кај ЈП Македонски Шуми / плац на Пелагонија. Добривој Николовски 14.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Да се разгледа предлог одлуката за комунален ред во општина Крива Паланка. Бранко Велиновски 14.1.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, БУЏЕТ, ОПШТИНСКИ ИМОТ И АДМИНИСТРИРАЊЕ СО ДАНОЦИ И ИМОТ

Во врска со проектот за школите да се испрати допис до министерството во поглед на исплата на средствата Душко Арсовски и Татјана Георгиевска, 14.01.2013

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

За состанокот во врска со проектите со кои ќе се аплицира да се формира тим кој ќе присуствува на состанокот во Штип. 14.01.2013 Душко Арсовски

Да се определат службеници за посетата на општина Дупница – Р. Бугарија Душко Арсовски 14.01.2013

Да се финализираат активности за празникот Водици и манифестацијата Кривопаланечка пивтијада и да се обезбеди награда телевизор. Манифестацијата да ја следи општинската администрација 14.01.2013 Душко Арсовски

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Да се оствари контакт и да се води постапката за проектот за речното корито. Никола Граматиков 14.1.2013

Да се утврди висинската разлика од изворот кај Љиљаков мост до просторот под мостот кај Карчо. Александар Ангелов 14.01.2013

Да се определи локација за котларата кај спортската сала Александар Ангелов 14.01.2013

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Да се завршат активностите за регулирање на канализацијата кај Спортската Сала и по завршување да се извести Агенцијата за млади и спорт. Томе Тодоровски во координација со Александар Ангелов 14.01.2013

Изговил Игор Додевски

Крива Паланка 14.01.2013

Душко Арсовски _____

Александар Ангелов _____

Добривој Николовски _____

Бранко Велиновски _____

Јаготка Николовска _____

Татјана Ѓоргиевска _____

Томе Тодоровски _____